

43

# БОРИСЛАВ ТРАИКОВСКИ

1917 - 1996

# BORISLAV TRAIKOVSKI



14

27



Момент на возбуда преставува секоја организацијата на самостојна изложба на Борислав Траиковски. Колку и да се презентирани неговите експонати, при секоја повторна средба со нив побудуваат нови елементи на сензибилност и воодушевување проследени со посебна почит кон авторот. Оваа изложба има за цел да го актуелизира ликовниот опус на Траиковски, да воспостави нови, пред се, едукативни видици со традиционалното и извонредно сликарство на авторот кое опфаќа значаен период во македонското современо сликарство: период на ослободување од академски традиционализам со соцреалистичка конотација и воедно, период на демократизација на уметничката мисла.

Изложбата преставува пресек на неговото творештво од 1949 година до последната (недовршена) слика кој опфаќа неколку стилско-ликовни определби: од фовизам, преку експресионизам до апстракција.

Експонатите откриваат дел од карактерот на авторот: едноставен, длабоко емотивен, минуциозно трпелив и прецизен, и силно морален интелект.

Во првите (почетни) експонати покажува поголем интерес за изразната моќ на колоритот отколку за извесна внатрешна напнатост и драматика. Со комбинација на колористичките површини доста вешто успева да ја издвои бојата од нејзината дескриптивна функција користејќи експресивни и структурални форми на изразност, со што повеќе се доближува до фовистички решенија.

Експресионистичките експонати кои го издвојуваат овој автор од целокупното македонско ликовно творештво (карактеристично за шестата деценија) повеќе ликовни критичари го поврзуваат со творештвото на Жорж Руо. Траиковски се воодушевува од творештвото на Руо, но во своите дела успева да создаде своевиден експресионистички стил, со извонредно богата колористичка палета на тонови. Динамиката е постигната со робусна и силна снага на „цртежот" со тешка, црна контурна линија која ја дефинира формата, контролирајќи ја структурата со дебели слоеви на боја како подлога. Овие експонати изобилуваат со живост, оптимизам, внатрешен мир и спокојство.

После 1963 година (по враќањето од Парис) интересот на Траиковски е насочен кон хармонија на надворешна форма со колористичка звучност изразена низ апстрактен експресионизам. Во овие експонати бојата преставува треперлива, органска енергија која го создава времето и просторот, емоција која го одсликува расположението во сликата потенцирано со робусна, груба и неправилна линија како основен носител на акцијата во делата.

Изложените експонати го откриваат Траиковски истовремено како романтичен и мистериозен особени при осмислувањето на композицијата во која ги соединува надворешните доживувања со внатрешната имагинација. Изложбата открива сензибилитет кој секогаш преставува свежо доживување на авторовата духовност.

Лилјана Христова





22

42



Роден во Битола на 15.06.1917 год.
Завршил Академија за ликовна уметност во Белград 1951 год (кај професорите:Ѓ.Теодоровиќ, К.Хакман, Љ.Сокиќи И.Табаковиќ).Студиски престој во Италија (1954) и Франција (1961).
Член на ДЛУМ од 1952 и на Групата ВДИСТ од 1955 год.
Почина во Битола во 1996 год.

**Самостојни изложби:**

| | |
|---|---|
| 1952, | Битола, Хотел „Југославија„ |
| 1955, | Прилеп , Дом на културата |
| 1960, | Битола, Уметничка галерија „Моша Пијаде„ |
| | Битола, Ф-ка за фрижидери „Ѓорѓи Наумов„ |
| | Битола, Економско училиште „Јане Сандански„ |
| | Приштина, Сала на К.П.З. |
| | Скопје |
| 1962, | Скопје, Изложбен салон - Работнички дом |
| 1963, | Битола, „Југотутун„ |
| 1965, | Скопје, Центар за култура и информации |
| | Битола, „Југотутун„ |
| | Струга (со Томе Аџиевски) |
| | Битола (со Т.Аџиевски) |
| 1966, | Прилеп, Тутунски комбинат |
| | Скопје, Уметничка галерија |
| 1967, | Битола, ЗИК „Пелагонија„ |
| | Битола, Гимназија „Браќа Миладиновци„ |
| 1968, | Битола, „Битолатекс„ |
| 1969, | Битола, „Конфекција - Иднина„ |
| | Битола - КИБ |
| 1971, | Титов Велес, „Нонча Камишова„ |
| | Титов Велес, „Борис Кидрич„ |
| | Битола, Уметничка галерија |
| | Битола, изложба на тараби |
| | Скопје, Изложбен салон на ДЛУМ |
| 1973, | Ресен, „Агроплод„ |
| | Битола, Конфекција„Иднина„ |
| | Битола, Уметничка галерија |
| 1974, | Скопје, Центар за култура и информации |
| | Битола, „Југотутун„ |
| 1975, | Прилеп, Текстилна индустрија „Билјана„ |
| | Скопје, Уметничка галерија |
| 1976, | Белград, Клуб ССВП-а |
| 1979, | Битола, Народен театар |
| | Битола, Дописништво на „Вечер„ |
| | Битола, Окружен суд |
| 1980, | Битола, Изложбен салон на ДЛУБ |
| | Скопје, Центар за култура и информации |
| 1982, | Битола, Изложбен салон на Дом на култура |
| | Битола, Ликовен салон на ДЛУБ |
| 1982/83 | Демир Хисар, Болница за дучевни болести |
| 1983, | Битола, Гимназија „Брака Миладиновци„ |
| 1984, | Битола, РЕК |
| | Битола, Педагошка Академија |
| 1985, | Битола, Ликовен салон на ДЛУБ |
| 1991, | Скопје, Уметничка галерија |
| | Охрид, Дом на култура |
| 1996, | Битола, Уметничка галерија |
| 1999, | Битола, Уметничка галерија |

Од 1951 учествувал на изложбите на ДЛУМ
Од 1955 учествувал на изложбите на Групата ВДИСТ
Од 1974 учествувал на изложбите на ДЛУБ

Награди:

1962, Битола, Ноемвриска награда за сликарство на град Битола,
1980, Скопје, Награда 11 Октомври - за животно дело
Повеке други откупни награди.

Every organizing of the independent exhibition of Borislav Traikovski is a moment of excitement. No matter how much his exhibits are presented, every further meeting with them arouses new elements of sensibility and admiration cherished with respect for the author. The main aim of this exhibition is to bring relevance to the art opus of Traikovski and to establish a new, mainly educational views initiated by the traditional and extraordinary painting of the author which comprehend a very important period of the Macedonian contemporary painting, period of liberation from the academic traditionalism and socialistic connotation and at the same time this was the period of democratization of the artistic idea.

The exhibition is an artistic intersection of its creation since 1949 till its last unfinished painting which comprehend several art-style directions as Fauvism, Expressionism and abstraction.

The exhibits reveal a part of the author's personality, his simple, deeply emotional, patient, precise and strong ethic intellect.

In the previous (those from the beginning) exhibits he expresses a greater interest for the expressional power of the colors more than certain inner tensity and drama. By the combination of the colored surfaces he manage very skillfully to separate the color from its descriptive function by using expressive and structural forms of expression, thus creating closer approach to the Fauvistic solutions.

Those exhibits origin from the expressionistic period, which distinct this author from the entire Macedonian art painting of that time (distinctive for the sixth decade) initiate many painting reviewer to connects his creations to those of Georges Rouault. Traikovski is elated of the Rouaults' creation, but in his works he manage to create his own peculiar expressionistic style, with extraordinary rich color palette. The dynamic in his works is accomplished by the robust and strong power of the "drawing" made by heavy, black contour line, which define the shape, thus controlling the structure by the thick layers of color as a base. Those exhibits are abundant with liveliness, optimism, inner peace and calm.

After his return (from Paris) in 1963 his interest is directioned towards the harmony of the external shape accomplished by a color resonance and expressed by the abstract expressionism. In these exhibits the color is presented as a trembling, organic energy, which creates the time and the space, as an emotion that reflects the spirit of the painting accented by the robust, rough and irregular line as well as an essential barrier of the action in the works.

The exposed exhibits revealed Traikovski at the same time as a romantic and mysterious artist especially in the domain of contriveing of the composition in which he associated the external experiences with the inner imagination. The exhibition reveals a sensibility, which is always a new experience in the authors' spiritualism.

Liljana Hristova



25

26





## Каталог

1. Портрет на Славко, 1949, масло
2. Риба, 1950, масло, 35x56 см.
3. Портрет на мајка ми, 1951, масло ,26x40 см
4. Портрет на вујко ми, 1951, масло, 60x44 см.
5. Портрет, 1951, масло , 52x69 см
6. Портрет на пријател, 1951, масло, 42x52 см.
7. Шепотење, 1952, масло, 70x56 см
8. Портрет на стара Македонка1952, масло, 40x70 см.
9. Портрет на сестра ми, 1953, масло, 30x71 см.
10. Крушата во мојот двор, 1953, масло, 60x75 см.
11. Пештани, 1953, масло, 40x69 см.
12. Портрет на Боро 1958, масло, 100x60 см.
13. Спирали, 1961, масло, 110x90 см
14. Вишнеење 1963, масло, 100x80 см.
15. Портрет на Ахилеја, 1971, масло, 42x26 см.
16. Пелагониски пејзаж, 1972, масло, 60x100 см.
17. Тунели, 1972, масло, 70x100см.
18. Есенско расположение, 1973, масло, 100x80 см
19. Без почеток и крај, 1974, масло, 100x80 см
20. Риби, 1975, масло, 100x80 см
21. Каријатиди, 1975, масло, 100x80 см.
22. Карактери -1 1976, масло, 100x80 см.
23. Карактери - 2 1976, масло, 100x80 см.
24. Две спирали, 1978, масло, 100x80 см.
25. Изгубениот град, 1979, масло, 100x80 см.
26. Во куќата на огледалата, 1979, масло, 100x80 см.
27. Хербариум, 1979, масло, 100x80 см.
28. Градот што сонува, 1979, масло, 100x80 см.
29. Воден свет, 1979, масло, 100x80 см
30. Патеки, 1980, масло, 100x80 см.
31. Розов свет, 1980, масло, 100x80 см.
32. Лавиринт, 1980, масло, 100x80 см.
33. Имагинарен свет, 1980, масло, 100x80 см.
34. Перуники, 1981, масло, 100x80 см.
35. Индира Ганди, 1982,, масло, 100x80 см.
36. Спирала, 1982, масло, 100x80 см.
37. Незаситност, 1983, масло, 100x80 см.
38. Мислители, 1983, масло, 100x80 см.
39. Акт, 1984, масло, 100x80 см.
40. Две фигури загледани, 1984, масло, 100x80 см.
41. Расположение, 1984, масло, 100x80 см.
42. Меланхолија, 1985, масло, 100x80 см.
43. Барање на спомените, 1985, масло, 100x80 см.
44. Спирала -1, 1986, масло, 100x80 см.
45. Портрет што се бара, 1986, масло, 100x80 см.
46. Стражар на полето, 1986, масло, 100x80 см.
47. Свето тројство, 1990, масло, 100x80 см.
48. Спирали во судир, 1990, масло, 100x80 см.
49. Копи, 1990, масло, 100x80 см.
50. Извориште, 1993, масло, 100x80 см.
51. Поклонување, 1993, масло, 100x80 см.
52. Последната слика, 1993, масло, 100x80 см.



39

23







Уметничка галерија - Битола 15 Ноември 2002

Организација: Завод, Музеј и Галерија - Битола; ДНУ - Битола; ДЛУБ- Битола, За организаторот: Иван Јолевски,
Кустос - организатор: Лилјана Христова, Компјутерска обработка: Жико Калпаковски, Превод на англиски: Силвана Петрова